**Димитрие Дурацовски**

# ЦИБЕТКА, АНГЕЛ НА СМРТТА

Незабележливо во првите денови, ме плиснува наеднаш, со сета своја сила што разјадува, плима на некакво морбидно претчувство. Се прашувам дали тоа има врска со моите размислувања. Чувствувам дека списокот на теми што го правам не е завршен, некој недостасува. Таа игра што започна пред многу години не е ни малку наивна. Фиоките на мојата работна маса се преполни со исечоци и податоци. Од ден на ден се таложи материјал што го дополнува списокот. Знам дека работата е залудна, нужна е селекција. Потребно е само уште нешто пред да се стави точка. Името.

Дали тоа ми се случува само мене? Дали сум во состојба со својата субјективност реално да ја согледам суштината на проблемот? Се плашам дека е невкусно и навредливо кога го велам ова: "Бруно мене ме почитуваше, а јас него не."

Прескокнува од една страна на друга, во моите мисли, во овие залудни сеќавања, негирајќи ги годините, пркосејќи ѝ на логиката. Леонидовата Цибетка, фараонскиот глушец чиј препариран примерок, еден од ретките во светот, се чува во темното депо на Природонаучниот музеј "Д-р Никола Незлобински", далеку од очите на посетителите, скриен, закопан.

Леонид. Едно од имињата на кои често им се навраќам, личност од Тлон, името од мојот список, предлог за дефиниција, можност за пишување лажна биографија, конструкција, травестија.

*БРУНО*

Неговите часови ни беа најинтересни. Со нетрпение го очекувавме, а кога ќе се појавеше, во училницата владееше совршена тишина. Црташе многу добро, разни инсекти, скелети од птици, птици, пеперуги, школки, полжави, некакви аморфни форми, но она што најмногу нѐ привлекуваше кај него беа неговите приказни, не онакви какви што секојдневно слушавме. Неговите приказни, иако на познати теми, беа толку необични и фантастични, што често се прашувавме дали е возможно сето тоа да го измислува, тој чуден човек со долго износено палто и со толку многу тага во очите. Знаевме дека во нас, учениците, гледа единствени пријатели. Најчесто ни раскажуваше за детето, за детството, но тоа што тој го кажуваше немаше ништо заедничко со детството на кое било дете. Можеби зборуваше за себе? Ни раскажуваше за некакви необични циметови продавници, за нивните излози и внатрешности што кријат толку многу чудесни предмети, какви што се, на пример, старински компаси и метрономи или, пак, живи саламандери, корења од мандрагора, хомункулуси и необични книги и атласи.

Неговите приказни никогаш нема да ги заборавам.

* * *

Отсекогаш ме привлекуваа нивните слабо осветлени, темни и свечени внатрешности, кои мирисаа со длабок мирис на бои, лакови, со ароми на далечни земји и ретки материјали. Можеше таму да се најде бенгалски оган, вошебни кутии, марки на одамна пропаднати земји, кинески сликички за пресликување, индиго, калафониум од Малабар, јајца од егзотични инсекти, папагали, тукани, живи саламандери, ламји, корен од мандрагора, нирнбершки механизми, хомункулуси во тегли, микроскопи и двогледи и, пред сé, ретки и необични книги, стари фолијанти преполни со чудесни цртежи и зачудувачки приказни. И најпосле, незабележливо, оставен на дното на излогот, препариран примерок на фараонски глушец, Цибетка. Животно за кое само сме читале во старите прашливи, со кожа обвиткани енциклопедии, искинати учебници по зоологија и други ретки книги и прирачници.

* * *

Чувствуваше како неговото расположение од ден на ден се менува. Знаеше дека на тоа влијае ужасната стварност која го опкружува, но уште повеќе онаа темна, длабока празнина населена во неговата свест. Нешто му недостасуваше, можеби само уште неколку реченици за да го заврши ракописот чиј наслов го знаеше уште пред да почне да го пишува романот. Оној што  избавува. Месија.

Колку се во право оние што тврдат дека Бруно уживал во својот мазохизам? Можна ли е неговата желба за непостоење? Вистина ли е дека тој сакал да биде понижуван, слуга, ништо?

Некаква судбинска поврзаност го задржуваше Бруно во градот. Ракописот, неговата последна надеж, неговото бегство и ослободување, му стануваше сé подалечен, туѓ. Не се ни обидуваше да го заврши. Знаеше дека е сé залудно. Чувствуваше дека крајот на романот треба да биде нешто совршено, нешто што не се споредува. Не можеше да претпостави колку е близу до она по кое очајнички копнее. Требаше само да се присети на договорот. На насликаниот портрет што по договор го направи за Ландау, кој не беше наполно задоволен од извршената работа, иако портретот беше верен. Чувствуваше некаква несигурност, некаков нејасен страв од него. Се прашуваше каде погрешил, но попусто. Неговата единствена грешка беше самиот договор со тој човек.

Излезе од својата бедна соба, облечен во старото долго износено палто, во кое сепак чувствуваше некаква топлина. Излегувањето на улица не му причинуваше никакво задоволство. Беше изгубен во хаосот на плаузабилните светови што го опкружуваа. Улицата беше празна, ретките минувачи брзаа кон своите домови за да го избегнат полицискиот час. Наеднаш почувствува како некој го запира, нечија рака на своето рамо. "Bist du Bruno?", го праша непознатиот. Збунето и плашливо потврди и истиот миг некаква ужасна жештина му се разлеа низ телото. Паѓајќи полека кон замрзнатата земја, забележа дека човекот (за миг му се стори дека е тоа Ландау, нарачателот) во едната рака држи револвер, а во другата мало животно со дамки на телото кое наеднаш го потсети на убавите денови на детството, се присети на својата најдрага игра, игра на осамено дете, гледање излози од продавници кои во своите мирисливи внатрешности ги содржат сите оние чудесни предмети кои толку многу го возбудуваат детскиот дух. Се присети на препарираниот фараонски

глушец на дното на излогот - човекот кој стоеше зад него во раката држеше ист таков примерок, жив.

Се чувствуваше многу пријатно од топлината разлеана по целото тело. За чудо, не почувствува никаква болка. Мислите му отскитаа кај незавршениот ракопис. Најпосле го имам крајот, помисли. Крај каков што никогаш не можеше да претпостави. Потона наеднаш во некаква густа темнина на чиј крај во далечината се наѕираше, како излез, бледа светлина која со молскавична брзина му се приближуваше.

*ЛЕОНИД*

Марија велеше дека нежниот загадочен фантом на Цибетката, Леонид го лови во пајажината на еден сон, на една несовршена библиотека, како во некоја неосвоива пустина кога во жешките денови телото како билка се суши или кога во студените ноќи срцето се претворува во мраз.

Сликајќи ја онаа позната, единствена слика од мал формат наречена "Мртва природа со Цибетка", Леонид, кој веќе зачекорил во други сфери и беше некако далеку, на другата страна на брегот, внимателно ја оформува нејзината бледа сенка. Со чудна мистична занесеност ги насетува честичките на таинствените елементи кои му припаѓаат на тоа живо суштество и знае дека тие исти елементи уште послободно и помистериозно ќе се однесуваат тогаш кога ќе почнат да влијаат врз неговата судбина. Завршувајќи ја таа слика од мал формат, со Цибетка, Леонид знаеше дека е дојден на крајот од патот, требаше само да зачекори. А во далечината, како низ магла, се издигнуваше фатаморганата на Замокот.

* * *

Малата слика со Цибетка стои на ѕидот над работната маса на Марија.

* * *

*Го држам во рацете "Договор со Grupulex". Тој е искинат, па потоа залепен. Кој е Grupulex? Тоа прашање не ми се наметнуваше сè до една голема караница во ателјето на Олја, релативно кусо време пред Леонидовата смрт. Караницата започна во врска со некои контестации на Црвениот плоштад, но потоа се пренесе на метафизички план на искупување, каење и спасение. Сето тоа беше доста брзо, неочекувано, непредвидливо. Беше доцна во ноќта. Леонид реагираше изненадувачки решително. Мислам дека беше во прашање недоразбирање и дека го повредив во некоја стара рана, а за тоа не бев свесен. Скокна од столот. Изрече неколку бласфемии. Во неговите движења имаше нешто механичко. Се сетив на куклата. Потоа и на Grupulex. Смирувајќи се, за миг, тој скоро спокојно рече: "Знаеш ли дека имам договор со ѓаволот!?"*

* * *

Лежејќи во стерилната белина на болничката соба, наеднаш му се пристори дека во стаклениот квадрат на вратата нешто се појавува. Во прв

миг му се стори дека тоа што го гледа е верен одраз на онаа негова мала слика со Цибетка. Посака тоа да е вистина. Од многуте жици и пластични црева што неговото тело го поврзуваа со апаратите не беше во состојба да се помрднува. Сепак, направи напор и ја подигна главата малку, само неколку сантиметри, што беше доволно да се разбие илузијата. Тоа не беше неговата слика со Цибетка, туку жив фараонски глушец во рацете на еден добро познат лик. И знаеше дека тој него го чека. Се присети на договорот што со него го направи, но кој никогаш не го исполни. Уморно ја спушти главата присетувајќи се на драгите ликови на пријателите на кои им го остави својот Последен запис и нечујно го изговори нејзиното име.

* * *

*...Заминувајќи, им објавувам на сите кои ова го следат да продолжат не плашејќи се од ризик.*

*Сликањето е облик на молитва.*

* * *

*МАРИЈА*

Почитуван, драг пријателе,

Премногу е тажно што Марија умре незабележано. Само дознавме ние, неколкумина почитувачи на Леонид. Тивко се угаси нејзиниот живот, како што и живееше. Телото не можеше да го издржи она што нејзината душа го носеше во себе. Премногу сензибилност имаше во тоа ситно и повредливо тело. Сликата на Леонид, "Мртва природа со Цибетка", што стоеше над нејзината работна маса, на чуден начин исчезна. Ја нема. Некои велат дека вечерта пред нејзината смрт соседите виделе пред вратата човек кој во рацете држел некакво животно, налик на голем стаорец. Се разбира, треба да се очекуваат разни мистификации, исто како што се случуваше и по смртта на Леонид. Тоа е неизбежно.

Со почит, М. Станковиќ

* * *

*ЦИБЕТКА*

На неговата работна маса владее ред. Фиоките се испразнети, моливите наострени и ставени во кутија. Ракописот е уредно сложен, оставен е на средината на масата. Со големи букви напишан е насловот. Она што се сметаше за вредност, го разнесоа роднините, незавршениот ракопис кој го сметаа за безвреден, ми го дадоа мене. Го прочитувам по не знам кој пат. Чувствувам дека текстот има некакво скриено значење, нешто што треба да се одгатне. Читајќи, погледот ненадејно ми паѓа врз еден предмет во аголот на собата. Се присетувам дека е тоа препарираниот глушец или нешто слично, со дамки на телото што заедно со ракописот ми го дадоа неговите роднини. Наеднаш како да се подигнува некаква маглива завеса од пред моите очи, сфаќам дека тоа препарирано

животно е она истото што мојот пријател го споменува во ракописот и во сиот тој ужас кој наеднаш ме обзеде, ми станува јасно дека Леонидовата Цибетка, фараонскиот глушец, е оној Ангел на смртта што вонвременски трае и шета по просторот. Помислувам дека треба брзо да се дејствува, но чувствувам, загледан во стаклените очи на животното, како неверојатно брзо ја губам силата и моите движења стануваат сé побавни и побавни.

И знам дека веќе некој стои зад вратата и чека.

Некој кој мене ме чека.

ЗАБЕЛЕШКА

Инвентарна (влезна) книга на Зоолошкото одделение на Природонаучниот музеј "Д-р Никола Незлобински".

Број 2148

ЦИБЕТКА - Viverridae Zibetha

Животно со мало долгнавесто тело, со куси нозе, долг опаш и остра муцка. Нејзините жлезди излачуваат масна супстанца цибет, која на воздух се стврднува.

Примероци на Цибетка се забележани во Африка, а се познати под името Египетски ихнеумон (herpestes ichneumon) и во Индија како Сив мунго (Vivera Mungo).

Примерокот заведен во влезната книга под број 2148 е донесен во Музејот на 17. 02. 1987 година заедно со ракопис во кој на повеќе места се споменува Цибетка.

Предметот го обработил: кустос-зоолог Ристо Паноски

Напомена: НАЈСТРОГО СЕ ЗАБРАНУВА изнесување на примерокот од депо.